**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
***Ул. Св. Кирил и Методиј** 54 (6**ти** кат), 1000 Скопје*
***Тел** (02) 3298 666 **Факс** (02) 3296 466* www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр.08-33

**Комисијата за заштита на конкуренцијата** врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11 и 41/14), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднсено од **Телеком Словенија, АД,** со седиште на Цигалетова улица 15, 1000 Љубљана, Словенија, преку преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници (адвокати Дејан Кнезовиќ и Катарина Анастасова), на седница одржана на ден 05.05.2015 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата со која Телеком Словенија, АД, со седиште на Цигалетова улица 15, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне контрола над друштвото Дебител телекомуникации АД, Љубљана со седиште на Железна цеста 18, 1000 Љубљана, Словенија по основ на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот зазаштита на конкуренцијата во смисла на член** 19 **став** (1) **точка** 2) **од Законот за заштита на конкуренцијата**.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износод 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840.....03161, приходна шифра и програма 72231300.

## Образложение

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (вопонатамошниот текст: Комисијата) на ден 09.04.2015 година, согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници (адвокати Дејан Кнезовиќ и Катарина Анастасова), Телеком Словенија, АД, Словенија поднесе известување за намерата на Телеком Словенија, АД, Словенија да стекне контрола над друштвото Дебител телекомуникации АД, Словенија по основ на купопродажба на акции.

*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk

**Деловни активности на учесниците во концентрацијата**:

**1.1Телеком Словенија, АД, Љубљана, Словенија** е крајно друштво-мајка на Телеком Словенија Групацијата на друштва. Телеком Словенија првенствено се занимава со давање на мрежно-поврзани (телекомуникациски) услуги во Словенија и странство, моментално вклучувајќи ја исто така и Македонија. Комуникациските услуги кои се нудат од страна на Групацијата вклучуваат мобилна и фиксна гласовна телефонија, мобилен и фиксен пренос на податоци, пристап до широкопојасен интернет и пристап до телевизиска мрежа.

Телеком Словенија Групацијата моментално има три поврзани друштва во Македонија: ОНЕ Телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје, ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА Друштво за телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје и Друштво за телекомуникациски услуги СИОЛ ДООЕЛ Скопје.

***ОНЕ Телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје***, бул. Кузман Јосифовски – Питу бр.15 Скопје е во целосна сопственост на Телеком Словенија. ОНЕ ДООЕЛ Скопје е телекомуникациски оператор кој обезбедува мобилни и фиксни телекомуникациски услуги, услуги со дигитална содржина и мултимедијални услуги во Македонија.

***ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА Друштво за телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје***, бул. Партизански одреди бр.70/5 ДЦ-Алуминка Скопје е во целосна сопственост на ОНЕ ДООЕЛ Скопје . ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА ДООЕЛ Скопје е активно во давање на мултимедијални услуги.

***Друштво за телекомуникациски услуги СИОЛ ДООЕЛ Скопје***, бул. Кузман Јосифовски – Питу бр.15 Скопје е во целосна сопственост на Телеком Словенија и е одговорно за управување со регионалната оптичка мрежа на групацијата во Македонија.

1.2 **Дебител телекомуникации АД, Љубљана** е друштво активно во давањето на услуги за мобилна телефонија само во Словенија. Дебител е мобилен виртуелен мрежен оператор – давател на услуги, кој што нема сопствена мрежа. Нема поврзани друштва или активности во Македонија.

Комисијата започна со испитување на известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и утврди дека концентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на

*Ул. Св. Кирил и Методиј 54 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk*

концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата носи решение во скратена форма, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласночлен 19 став (1) точка 2) одЗаконот.

**Упатство за правно средство**:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Благој Чурлинов**